**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД**

# К О Н К У Р С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД ВО АКАДЕМСКАТА 2019/2020 ГОДИНА

**Јули, 2019**

Во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, бр. 02-288/3, донесена на 75-та седница одржана на 20.03.2018 година, Одлуката на Владата на Република Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи Универзитет „Св.Кирил и Методиј” Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски “ Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитет „Гоце Делчев” Штип , Универзитетот за информатички науки и технологии „ Св. Апостол Павле” Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза” Скопје бр. 45-4839/1 од 04.07.2018 година („Службен весник на РСМ“, бр. 139/2019), Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид објавува:

**К О Н К У Р С**
**за запишување на студенти на втор циклус студии**
**на студиските програми на единиците**
**на Универзитетот за информатички науки и технологии**
**„Свети Апостол Павле“ Охрид во учебната 2019/2020 година**

## I. Број на студенти

На студиските програми од втор циклус студии на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид во прва година во учебната 2019/2020 година, ќе се запишат следниов број студенти:

| УИНТ „Свети Апостол Павле“ Охрид | Број на студенти | Износ на кофинансирање по семестар (ЕУР) | Времетраење на студиите | Број на кредити со кои се стекнува студентот по завршување на студиите |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ** | | | | |
| Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ | 30 | 600 евра по семестар (во денари) | една година (2 семестри) | 60 ЕКТС |
| Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ | 25 | 400 евра по семестар (во денари) | две години (4 семестри) | 60 ЕКТС |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА** | | | | |
| Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКА И МРЕЖНА БЕЗБЕДНОСТ, ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ | 20 | 400 евра по семестар (во денари) | две години (4 семестри) | 120 ЕКТС |

Школарината за студирање на втор циклус студии е целосно на товар на студентот.
За одбрана на магистерскиот труд студентите плаќаат износ од 300 евра во денарска противвредност, најдоцна 30 (триесет) дена пред одбраната.
Другите надоместоци кои студентите ги плаќаат во текот на студирањето се во согласност со одлуката за усвојување на Ценовник за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

На кандидатите кои покажале исклучителни резултати во текот на првиот циклус студии и демонстрирале способност за научно-истражувачка работа, ќе им бидат покриени трошоците за студирање (износот за кофинансирање по семестар и износот за одбрана на магистерскиот труд), по одлука на надлежен орган на Универзитетот, согласно одредбите од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

## II. Услови за запишување

На студиските програми можат да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветни или сродни прв циклус на студии според претходните студиски програми и планови и кандидати кои имаат завршено соодветни или сродни прв циклус студии според ЕКТС.

Право на конкурирање на студиските програми по Информатички науки и технологии (едногодишни и двегодишни втор циклус студии)  имаат кандидатите што ги исполнуваат следниве општи услови:

- имаат завршено соодветен прв циклус на студии според претходните студиски програми и планови или имаат завршено соодветен прв циклус студии според ЕКТС во траење од 4 (четири) години, односни стекнати минимум 240 кредити и исполнуваат други услови предвидени со студиската програма за организирање втор циклус студии на Универзитетот.

Право на конкурирање на студиската програми по Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци имаат кандидатите што ги исполнуваат следниве општи услови:

- имаат завршено соодветен прв циклус на студии според претходните студиски програми и планови или имаат завршено соодветен прв циклус студии според ЕКТС во траење од најмалку 3 (три) години, односно стекнати минимум 180 кредити и исполнуваат други услови предвидени со студиската програма за организирање втор циклус студии на Универзитетот.

Пријавувањето се врши на формулари што кандидатите можат да ги набават во службата за студентски прашања на Универзитетот.

## III. Документи за пријавување

При пријавувањето кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- пријавен лист за запишување;
- диплома за завршен прв циклус студии во оригинал или копија заверена на нотар (кандидатите кои завршиле во странство, потребно е да достават решение за признавање на странската диплома од Министерството за образование и наука);

- уверение за положени испити со оценки и кредити, во оригинал или копија заверена кај нотар (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат еквиваленција на оценките)
- уверение за државјанство, оригинал или фотокопија заверена кај нотар;
- кратка биографија (CV);
- доказ за познавање на странски јазик - англиски јазик, во оригинал или фотокопија заверена кај нотар (Напомена: наставата се изведува исклучиво на англиски јазик);
- препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);
- список на стручни или научни трудови, примерок од нив (доколку кандидатите имаат);
- документи за евентуални награди, признанија и други документи;
- потврда за лично годишно осигурување во осигурителна компанија по избор на студентот, со минимален износ од 150,00 денари.

## IV. Рокови за пријавување

| | |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **11 Октомври –<br>11 Ноември 2019** |
| Запишување на кандидатите | **18 и 19 Ноември 2019** |

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата:**
**http://www.uist.edu.mк**